Врз основа на член 6, член 7 и член 12 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на овластени правни лица за вршење на технички преглед и испитување на возила, бр. 23-690/5 од 17.7.2025 година и Правилата за измена и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на овластени правни лица за вршење на технички преглед и испитување на возила бр.23-911/3 од 6.10.2025 година на Седницата на Групацијата на овластени правни лица за вршење на технички преглед и испитување на возила одржана на ден 6.10.2025 година, донесе:

# ПРАВИЛА
**за организацијата и начинот на работа**
**на Групацијата на овластени правни лица за вршење на технички преглед и испитување на возила**
**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овие Правила се уредува организацијата и начинот на работењето на Групацијата на овластени правни лица за вршење на технички преглед и испитување на возила (во натамошниот текст: Групацијата).

Член 2

Групацијата од член 1 на овие Правила е форма на организирање и работење во рамките на Здружението на метална и електроиндустријата при Стопанската комора на Северна Македонија (во понатамошниот текст Групацијата), преку која членовите, самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес на соодветната дејност.

Членовите на групацијата се овластени правни лица за вршење на технички преглед на возила и овластени технички служби.

## II. ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 3

Основни цели и задачи на Групацијата се:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста;
- ги усогласува појавените спротивности и различни интереси во рамките на својата дејност, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- усвојува заклучоци и предлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;

- разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренува иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;
- координација на активностите за организиран настап на членовите на семинари, конгреси и други манифестации во земјата и во странство,
- издава публикации, трудови, дела, прирачници и други печатени стручни помагала со кои се унапредува дејноста,
- предлага и спроведува технички обуки и советувања со кои се унапредува дејноста

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 4

Секој член на Групацијата ги има следните права и обврски:

- да бира и да биде биран во органите на Групацијата;
- да покренува иницијативи за донесување и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислење и предлози по прашања од соодветната дејност и стопанството во целина;
- да користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши Стопанската комора на Македонија во рамките на својата дејност;
- да користи деловни информации со кои Стопанската комора на Македонија располага;
- да се придржува кон одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија, општите акти и другите одлуки на органите на Комората, овие Правила, други акти и одлуки на органите на Групацијата;
- да учествуваат во обезбедувањето средства за остварување на целите на зачленувањето, согласно одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија.
- се придржува и во целост ги прифаќа правилата, вредностите и начелата на Етичкиот кодекс на на Групацијата на овластени правни лица за вршење на технички преглед и испитување на возила при Стопанската Комора на Северна Македонија

## IV. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТЕЊЕТО НА ГРУПАЦИЈАТА

Член 5

За прашањата од својот делокруг на работа, Групацијата работи на седници, на кои можат да учествуваат претставниците на сите членови на Групацијата.

Член 6

Седниците на групацијата може да бидат: редовни и вонредни.

Седниците ги свикува и раководи со нив, Претседателот на Групацијата. Во отсуство на Претседателот на Групацијата, седниците ги свикува и раководи со нив заменик-претседателот на Групацијата, на начин утврден со овој Правилник.

Заменик-претседателот е должен за свиканата седница да го извести Претседателот, најмалку 1(еден) ден пред закажаната седница.

Член 7

Редовните седници можат да бидат свикани со писмени покани, а по потреба може да се свикаат и преку усмена комуникација.

Писмените покани се сметаат за уредно доставени, доколку се испратени и на пријавената електронска адреса(меил) на членката.

Сите членки, мора да бидат информирани за датумот и времето на седницата најмалку 1(еден) ден пред одржување на истата.

Член 8

Членки на групацијата и право на присуство со право на глас на седниците имаат само членките кои имаат потпишано пристапница и платено чланарина.

На седниците може да присуствуваат и претставници на државни институции на покана од страна на Групацијата, но само како посматрачи. Може да даваат предлози и коментари но не можат учествуваат во гласањето и носењето одлуки.

## V. ПРАВА, ОБВРСКИ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗАМЕНИК – ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 9

Претседателот на Групацијата се грижи за остварување на целите и задачите утврдени во член 4 на овие Правила, ги поттикнуваат, насочуваат и се грижат за остварување на активностите на членовите на Групацијата и преземаат други активности во насока на реализација на целите на членувањето во Групацијата.

Претседателот ја претставува Групацијата, ги свикува и раководи со седниците на Групацијата, ги извршува одлуките и заклучоците и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Групацијата.

Член 10

Претседателот во вршењето на работите од член 9, го заменува заменик–претседателот.

Заменик-претседателот работи во кооординација и договор со претседателот.

Во извршувањето на работите од својот делокруг претседателот и заменик-претседателот на Групацијата работат во согласност со Статутот на Стопанската комора на Северна Македонија, Правилата на Здружението на метална и електроиндустријата и овие Правила.

Член 11

Од претставниците на членовите на Групацијата на конститутивна седница се избира претседател и заменик- претседател на Групацијата.

Мандатот на претседателот и заменик-претседател изнесува 3 години, со можност за повторен избор.

Претседателот и заменик- претседателот може да бидат разрешени од функција со иницирање на нивна смена преку барање во писмена форма, кое се доставува на редовна или вонредна седница.

Барањето се смета за легитимно доколку е иницирано од најмалку 51% од членките на групацијата и врз основа на истото се закажува седница за гласање на отповикување на овие членови.

Претседателот и заменик – претседателот ќе се разрешат на седница со најмалку две третини гласови од вкупниот број на членки на Групацијата.

Член 12

Работите од својот делокруг Групацијата ги врши во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија, Правилата на Здружението на метална и електроиндустријата, овие Правила и другите акти.

Член 13

Во рамките на Групацијата може да се организираат и да дејствуваат секции, одбори и други форми на организирање и работење, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во одредена дејност, а врз основа на покренати иницијативи од страна на членовите на Групацијата.

## VI. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА, РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

Член 14

По прашања од заеднички интерес, Групацијата соработува со други здруженија, регионални комори, групации и други форми на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија. По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници.

Групацијата може да остварува соработка со институции надлежни за прашања од интерес на членовите на Групацијата, во согласност со целите и задачите утврдени со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Северна Македонија.

Групацијата може да остварува соработка и контакти со други институции во земјата и во странство непосредно согласно Статутот и другите акти на Стопанската комора на Северна Македонија и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Северна Македонија.

## VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ГРУПАЦИЈАТА

Член 15

За извршување на одредени работи од делокругот на Групацијата и на другите форми на организирање и работење, кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, членовите на Групацијата, како и другите форми на организирање и

работење, можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

Средствата за посебни намени на Групацијата и другите форми на организирање и работење се водат на посебна потсметка во Стопанската комора на Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства се претседателот на Групацијата, односно на формата на организирање и работење.

Член 16

Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесувањето.

Претседател,
Данијела Доневска

Бр. 23-911/4
6.10.2025 год.
С к о п ј е